Бр./Nr 12-4397/2
29-12-2021/v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 57-мата седница одржано на 21.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1350/1 од 25.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно постапиле надлежни органи и донеле одлуки во рамки на своите надлежности.

Предметот со број 12-1350/1 од 25.02.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 25.02.2020 година, поднесена е пријава во врска со нерешени имотноправни односи врз земјиште на кое што се наоѓаат постојните згради каде што живеат подносителите, како и земјиштето кое е во функција на постојните згради, а против правосилно одобрение за градба кое се однесува за градежна парцела која зафаќа дел од ова спорно земјиште и оформен е предмет број 12-1350/1 од 25.02.2020 година.

Во пријавата подносителот дава хронологија на настани започнувајќи од 1975 година, па се до моментот на поднесување на пријавата, а се однесуваат на комплекс згради во населба -------------------------. Во пријавата се наведува дека во периодот помеѓу 1975-1985 година тогашната Општина ------------ на предлог на Државното правобранителство -------- спровела постапки за експропријација на недвижен имот, за подоцна на ова земјиште да се изградат згради, во чии станови и ден денес живеат нивните сопственици или претходници. Во 1997 година поранешните сопственици незадоволни од надоместокот поднеле тужба за да се утврди дополнителен надоместок, кој спор бил завршен во нивна полза после 20 години. Додека се водела постапка за овој надоместок, во 2003 година по нивно барање до Министерство за транспорт и врски – подрачно одделение --------, донесено е решение за трансформација на правото на користење во право на сопственост врз основа на поранешна сопственост. Со ова решение 2723 $м^2$ станале сопственост на лицата на кои им било одземено земјиштето со гореспоменатите постапки за експропријација, исплатено и веќе изградено земјиште кое се протега под становите на

постоечките згради, кое зафаќа дел од пристапните патеки, тротоарите, паркинг просторот околу зградите. Понатаму, со одлука на Советот на Општина --------------- од 2011 година е изменет деталниот урбанистички план и ова земјиште било поделено на 3 катастарски парцели, од кои една е под постоечките станови, а на другите две парцели кои биле зелени површини биле предвидени две нови маркици за градба. Општина -------- во 2015 година го издала првото одобрение за градба, истото било поништувано 4 пати од страна на Министерството за транспорт и врски, за да општината во 2018 година го издаде петтото одобрение за градба по кое жалбата на станарите била одбиена, а Управниот и Вишиот управен суд го потврдиле решението на второстепениот орган кое во декември 2019 година станало правосилно. Во пријавата, подносителите наведуваат дека паралелно водат и постапка по нивно барање за огласување на ништовно на решението со кое е стекната сопственоста на земјиштето за кое, како што наведуваат, поранешните сопственици биле обештетени. Ова барање било поднесено до Државниот правобранител за подрачје --------, кој го препратил на Министерството за транспорт и врски, за да министерството го препрати на надлежност на Општина --------------- согласно член 112 од Законот за градежно земјиште и согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на РМ за Општина -------------- на Владата на РМ. Се наведува дека Општина -------------- во 5 наврати го одбивала барањето како неосновано или поради ненадлежност, а во моментот на поднесување на оваа пријава повторно се водела постапка по жалба пред второстепениот орган – Министерството за транспорт и врски. На крајот на пријавата, се бара согласно надлежностите на институциите до кои е поднесена пријавата да се преземат соодветни дејствија за расчистување на оваа правна голгота.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во однос на наводите од пријавата постапиле и постапуваат надлежни органи кои преземале мерки и донеле одлуки во рамки на своите надлежности по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**